| Прилог 3. | Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ТАКТИКА И ТЕХНИКА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО |
| 2. | Код | ФБПС 04 |
| 3. | Студиска програма | Криминалистика |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ<br>Катедра за безбедност и безбедност во приватниот сектор |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус |
| 6. | Академска година / семестар | 2014/ 2015/VII семестар |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | 8 (осум) |
| 8 | Наставник | Доц. д-р Татјана Гергинова |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | нема |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Студентот ќе може да дефинира, да репрудицира солиден квантум на научни знаења и сознанија за обезбедувањето (еволуција и законски основи на регулирање на обезбедувањето); да дефинира што е приватно обезбедување; физичко обезбедување и техничко обезбедување; телесна заштита; мониторинг обезбедување и монторинг-патролно обезбедување; да ги објасни условите под кои правни лица и физички лица можат да ја вршат дејноста обезбедување на лица и имот; да ги разликува и и издвојува овластувањата кои ги употребува полицијата и работниците за обезбедување на лица и имот; да ја оценува работата на Комората за обезбедување на лица и имот и дејноста на приватните агенции за обезбедување; да ги знае условите под кои се врши обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки со посебно опремено возило; обезбедување на јавни собири и на други настани; да знае да ги распознава, разликува видовите на обезбедување и нивоата на заштита; да ги опише, објасни и класифицира елементите во техничкиот систем за обезбедување, да знае да ги препознае, разликува и издвојува сите облици на загрозување на лица, објекти, манифестации и транспорт; да ја оценува работата на приватните агенции како што се Питон, Никоб, Сокол итн. |
| 11 | Содржина на предметната програма | *Тема:* Историски развој на обезбедувањето<br>- Потекло и еволуција на обезбедувањето;<br>- Карактеристики на обезбедувањето;<br>*Тема:* Субјекти на приватниот сектор за безбедност и нивнит дејности;<br>- Приватни безбедносни компании<br>- компании за физичко обезбедување;<br>- компании за техничко обезбедување и<br>- приватни детективски компании;<br>*Тема:* Законска основа и дејноста – приватен сектор за безбедност во земјите-членки на Европската унија |

| | | |
|---|---|---|
| | | - регулирање на приватниот сектор за безбедност на регионално ниво;<br>- критериуми за работа на компаниите, за сопствениците и членовите и одговорни органи;<br>- обука и идентификација на лицата во приватниот сектор за безбедност;<br>- употреба на огнено оружје;<br>- поврзаност меѓу приватниот сектор за безбедност и полицијата;<br>- контрола и надзор над приватниот сектор за безбедност.<br>*Тема:* Научно и теоретско одредување на поимот обезбедување;<br>- Поимовно определување на физичко обезбедување и техничко обезбедување согласно Законот за обезбедување на имот и лица;<br>- Поимовно-терминолошко определување на "тактика и техника на обезбедувањето;<br>*Тема:*Услови за вршење работи на обезбедување на лица и имот<br>- Правни лица регистрирани за вршење на дејноста обезбедување на лица и имот во вид на давање на услуги;<br>- Правни лица кои обезбедувањето на лица и имот го вршат за сопствени потреби;<br>- Општи и посебни услови за вршење работи на обезбедување на лица и имот кои треба да ги исполнува работникот за обезбедување на лица и имот;<br>*Тема:* Права и должности на правните лица и работниците кои вршат обезбедување на лица и имот<br>- Комора за обезбедување на лица и имот;<br>- Овластувања на работниците за обезбедување (легитимирање; предупредување; недозволување влез на неповикани лица во имотот што го обезбедува; преглед на возила или багаж; недозволување неовластено снимање или внесување средства и опрема за таа намена;<br>- Употреба на физичка сила и употреба на огнено оружје; употреба на куче за одбивање на напад;<br>*Тема:* Видови на обезбедување<br>- Обезбедување на објекти, на личности, на манифестации и на транспорт;<br>- Сегменти во системот на заштита (физичко обезбедување, техничко обезбедување, механичко обезбедување и превентивно обезбедување)<br>- Задачи на службата за физичко обезбедување;<br>- Облици преку кои се остварува физичкото обезбедување како надворешно обезбедување (стражарско, патролно, пунктовско и ескортно обезбедување).<br>*Тема:* Одредување на ниво на заштита |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Максимално ниво на заштита или "I степен";<br>- Високо ниво на заштита или "II степен";<br>- Трет степен на заштита;<br>- Минимални мерки или "IV степен";<br>- Облици на загрозување на институциите под заштита;<br>- План за обезбедување на лица, објекти, манифестации или транспорт (тим за обезбедување, заштитна формација, концепт на заштитни прстени).<br>- Организација на тимот за "ВИП" обезбедување.<br>*Тема:* Средства и уреди за техничка заштита<br>- Елементи кои го сочинуваат техничкиот систем за обезбедување;<br>- Алармни системи (за противпожарна заштита и за периметарска заштита);<br>- Затворени видео системи;<br>- Системи за контрола на приодите ;<br>- Системи за заштита на објекти од висок ризик;<br>- Безбедносен центар и мониторинг центар.<br>*Тема:* Приватни агенции за обезбедување во Република Македонија<br>- ПИТОН обезбедување (карактеристики и образование на вработените; физичко обезбедување; техничко обезбедување; превентивно-патролно обезбедување; боди гард (лично) обезбедување; транспорт на пари и вредносни пратки.<br>- НИКОБ обезбедување (физичко обезбедување;<br>- ВИП обезбедување; техничко обезбедување;<br>- СОКОЛ обезбедување (техничко обезбедување; интегрирана заштита; уреди и опрема) | | |
| 12 | Методи на учење | присуство, активности и вежби, презентација, работа во групи | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 150 | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 52 часови |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 35 часови |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 13 часови |
| | | 16.2 | Самостојни задачи<br>Домашно учење | 20 часови<br>80 часови |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 80 бодови/ минимум за да се полжи колоквиумот – 41 бода | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект | 10 бодови | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 бодови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | | до 50 бода | 5(пет) (F) |
| | | | Од 51 до 60 бода | 6(шест) (E) |
| | | | Од 61 до 70 бода | 7(седум) (D) |
| | | | Од 71 до 80 бода | 8(осум) (C) |
| | | | Од 81 до 90 бода | 9(девет) (B) |
| | | | Од 91 до 100 бода | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | присуство на ¾ од часовите на предавања и вежби |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација и самоевалуација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | д-р Татјана Гергинова | Тактика и техника на обезбедувањето | |
| | | 2. | Д-р Милан Даничич и Љубомир Стајич | Приватна безбедност | Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука 2008 |
| | | 3. | Пол Д. Вилијамс | Студии по безбедност (Вовед) | Ars Lamina 2012 |
| | | 4. | Роберт Ј. Фишер, Едвард Хелибозек и Гион Грин | Вовед во безбедноста | Ars Lamina 2012 |
| | | 5. | | | |
| | | 6. | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Објавен во Службен весник на РМ, бр. 166 од 26.12.2012 | Закон за приватно обезбедување | Објавен во Службен весник на РМ, бр. 166 од 26.12.2012 |
| | | 2. | | Прирачник за оспособување и полагање на стручен испит за вршење на работи на обезбедување на лица и имот (теоретски дел) | Комора на РМ за обезбедување на лица и имот, Скопје, 2011 |
| | | 3. | | Збирка прописи од областа на приватното обезбедување | Комора на РМ за приватно обезбедување Службен весник на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | РМ бр. 164/ 2013 |